[redacted]

| | |
|---|---|
| Subject | **Барање за информација од јавен карактер** |
| From | [redacted] |
| To | <osnovensudkratovo@oskratovo.mk> |
| Reply-To | [redacted] |
| Date | 27-04-2023 10:07 |

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ ~~СУ~~.бр. 3 / 23
02.05 2023 година
Кратово

Почитувани,

Барањево е и врз основ на член 4 и чл.12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (службен весник бр. 101/19) со кое од имателот барам информации во врска со следниве работи.

Ве молам да ми се овозможи пристап до примероци од пресудите на вашиот основен суд Кратово ПРК-С.бр.27/21 од 03.03.2021, ПРК-С.127/21 од 08.07.2021 и ПРК-С.254/21 од 15.04.2021, по потреба анонимизирани, или истите да станат достапни на интернет страната на судот.

Барам информациите да ми бидат доставена електронски на истава електронска пошта [redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.3/23
09.05.2023 год.
Кратово

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Основен суд Кратово

**ВРСКА:** Ваше барање од 27.04.2023 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение СПИ.бр.3/23 од 09.05.2023 година по бараната информација.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

______________________________

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.3/23
09.05.2023 год.
К р а т о в о

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено електронски на е-маил на 27.04.2023 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од барателот [redacted], за пристап до информации од јавен карактер со предмет: Да му се овозможи пристап до примероци од пресудите на овој суд ПРК-С.бр.27/21 од 03.03.2021 год., ПРК-С.бр.127/21 од 08.07.2021 год. и ПРК-С.бр.254/21 од 15.04.2021 год. анонимизирани или да станат достапни на интернет страната на судот, СЕ УВАЖУВА.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено по е-маил од барателот [redacted] на 27.04.2023 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово Ви ја доставува информацијата:

Пресудите на Основен суд Кратово ПРК-С.бр.27/21 од 03.03.2021 год., ПРК-С.бр.127/21 од 08.07.2021 год. и ПРК-С.бр.254/21 од 15.04.2021 год. му се доставуваат на барателот во прилог на ова решение и истите се анонимизирани.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Кратово на 09.05.2023 година, под СПИ.бр.3/23

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник